РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**Сектор за макроекономска политика**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**април, 2018 година**

# СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....6

Берзански цени ....7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура ....11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....11

Приходи по буџетски корисници ....13

Буџетски расходи според економската класификација ....14

Расходи по буџетски корисници ....15

Буџетско салдо ....17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....17

Плати ....18

Пензии ....18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....20

Депозитен потенцијал ....20

Кредити на банките ....21

Каматни стапки на депозитни банки ....21

Пазар на капитал ....22

Девизни резерви ....22

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2018 година

- Индустриското производство во април 2018 година забележа раст од 1,5% во споредба со април 2017 година;

- Потрошувачките цени во април 2018 година се зголемија за 1,4% во однос на април 2017 година, по годишниот раст од 1,6% во март 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - април 2018 година изнесува 1,5%;

- Во периодот јануари – април 2018 година извозот забележа раст од 14,3%, а увозот од 11,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 5,3%, споредено со истиот период од 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите четири месеци од 2018 година изнесуваа 60.466 милиони денари, односно 9,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,6% во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во првите четири месеци од 2018 година изнесуваа 63.006 милиони денари, односно 9,5% од БДП, што е за 2,6% повеќе во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните кредити на банките во април 2018 година се зголемија за 5,8% во споредба со април 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,5%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во април 2018 година забележа раст од 1,5% во споредба со април 2017 година. Растот во целост се должи на позитивните движења во секторот Преработувачка индустрија, каде што производството е зголемено за 3,1% и придонес во растот од 2,5 п.п.. Во останатите сектори е забележан пад, и тоа од 5,5% и придонес од -0,5 п.п. во секторот Рударство и вадење камен, како и од 1,9% и придонес од -0,2 п.п. во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Податоците по гранки укажуваат дека раст е забележан кај 12 од вкупно 27 гранки кои учествуваат со 38,6% во структурата на индустриското производство, со што продолжува трендот главен двигател на растот да бидат неколку гранки за производство на високо софистицирани технолошки производи кај кои е забележано многу високо зголемување на производството. Така на пример, раст над 30% е забележан кај производството на ел. опрема, моторни возила и фабрикувани метални производи. Од гранките со двоцифрено учество во структурата, зголемување на производството има единствено кај производството на машини и уреди од 5,5% (придонес од 0,7 п.п.), додека снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација бележи пад од 1,9% (придонес од -0,2 п.п.), а прехранбената индустрија пад од 1,2% (придонес од -0,1 п.п.).

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во групите Капитални производи од 21,2% (придонес од 4,5 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 67,9% (придонес од 1,7 п.п.). Пад е забележан кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,6% (придонес од -2,2 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 3,0% (придонес од -0,9 п.п.) и Енергија од 5,5% (придонес од -0,7 п.п.).

Кумулативните податоци за движењето на индустриското производство во првите четири месеци од 2018 година укажуваат дека индустриското производство бележи раст од 4,2%, што во целост се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 6,2% и придонес од 5,1 п.п., но истиот е ублажен со падот во секторите Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 5,0% и негативен придонес од 0,5 п.п., како и Рударство и вадење камен од 6,0% и негативен придонес од 0,5 п.п..

Според анализата по сектори, раст е забележан кај 13 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 50,1% во структурата на вкупното индустриско производство. Гранки со двоцифрено учество во структурата кои бележат раст се производството на машини и уреди од 11,1% (придонес од 1,4 п.п.) и производството на прехранбени производи од 0,7% (придонес од 0,1 п.п.), додека пад е забележан единствено кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 5,0% (придонес од -0,5 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот е главно резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 19,8% (придонес од 4,2 п.п.) и истиот е поддржан со растот на производството кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 57,0% (придонес од 1,4 п.п.). Растот е ублажен со падот на производството кај групите Енергија од 6,6% (придонес од -0,8%) и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,4% (придонес од -0,7 п.п.), додека непроменетото ниво на производството во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка има неутрален ефект.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во април 2018 година е зголемен за 8,4%. Растот главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 9,4% и е поддржан со растот во секторот Рударство и вадење камен од 1,3%, додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,1%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 24,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 15,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,1%. Пад е забележан единствено во групата Енергија од 0,6%, додека бројот на работници во групата Трајни производи за широка потрошувачка е непроменет.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Бројот на работници во првите четири месеци од 2018 година бележи раст од 7,2%, што главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 8,0%, но и во секторот Рударство и вадење камен од 0,8%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е намален за 0,4%.

Во периодот јануари - април 2018 година, раст на бројот на работници е забележан кај наменските групи: Капитални производи од 21,5%, Интермедијарни производи, освен енергија од 14,3%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,3% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,1%. Пад на бројот на работници е забележан единствено во групата Енергија од 0,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во април 2018 година е поповолна во однос на март 2018 година, како и во однос на истиот месец од 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во април изнесува 67,3%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 67,0%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,7 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во април 2018 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 21,7%, недоволната домашна побарувачка со 19,2%, недоволната странска побарувачка со 18,5%, неизвесното економско окружување со 10,3%, финансиските проблеми со 9,0% и конкурентниот увоз со 6,6%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во април 2018 година во однос на март 2018 година е речиси на еднакво ниво како во претходниот месец, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во април 2018 година издадени се вкупно 249 одобренија за градење, што претставува пад од 3,9% во однос на април 2017 година. Споредено со претходниот месец, кога биле издадени 211 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 18,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2018 година на годишна основа се зголеми за 73,3%. Во однос на март 2018 година, вредноста на објектите се зголеми речиси четирикратно.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 134 (или 53,8%) се наменети за објекти од високоградба, 44 (или 17,7%) за објекти од нискоградба и 71 (или 28,5%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 249 издадени одобренија за градба, на 161 објект (или 64,7%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 88 објекти (или 35,3%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Во април 2018 година предвидена е изградба на 965 станови, со вкупна корисна површина од 62.340 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа бележи речиси трикратно зголемување, а на годишна основа е зголемен за 5,0%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во април 2018 година се зголемија за 1,4% во однос на април 2017 година, по годишниот раст од 1,6% во март 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - април 2018 година изнесува 1,5%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во април забележа годишен раст на цените од 1,4%, при што највисок раст имаа цените на овошјето (за 10,7%) и месото (за 4,0%).

Највисок годишен раст на цените во април 2018 година е забележан во категоријата Транспорт од 8,0%, следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,2%, Ресторани и хотели, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Рекреација и култура од по 0,9% и Комуникации од 0,7%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во април 2018 година е регистриран во категориите: Облека и обувки од 1,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2% и Здравје од 0,1%. Цените во категориите Образование и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Потрошувачките цени во април 2018 година се зголемија за 0,3% во однос на претходниот месец. Притоа, зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Транспорт од 0,7%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,5%, Здравје од 0,3%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Комуникации од по 0,2% и Облека и обувки и Ресторани и хотели од по 0,1%.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Рекреација и култура од 1,3% и Останати стоки и услуги од 0,2%.

Цените во категориите: Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование останаа непроменети.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените на мало во април 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 3,0%, а на месечна основа цените на мало се зголемени за 0,3%. Цените на мало во периодот јануари - април 2018 година се повисоки за 2,9%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во април 2018 година во однос на март 2018 година бележи раст од 7,8% и изнесува 71,6 долари за барел. Споредено со истиот месец од претходната година, цената на нафтата е повисока за 35,2%. Цената на природниот гас во април 2018 година се зголеми за 23,0% на месечна основа.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во април 2018 година се тргуваше со просечна цена од 13.938 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи раст на цената од 4,1%. На годишна основа, цената на никелот е повисока за 45,0%. Покрај никелот, раст на цената на месечно ниво во април забележаа и некои од другите основни метали. Така, цената на алуминиумот порасна за 9,0%, на бакарот за 0,8% и на калајот за 0,4%. Во април, цинкот и оловото бележат месечно намалување на цената од 2,5% и 1,6%, соодветно. Цената на железната руда во април е намалена за 6,5% на месечна основа.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во однос на благородните метали, цената на среброто во април 2018 година, споредено со претходниот месец се зголеми за 1,1%, а на златото за 0,8%, додека платината бележи месечно намалување на цената од 3,2%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченицата на светските берзи во април 2018 година споредено со март 2018 година се зголеми за 11,3%, а цената на пченката за 2,1%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите четири месеци од 2018 година изнесува 4.173,7 милиони евра, што претставува раст од 12,9% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари – април 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое

изнесува 72,7%, што претставува зголемување од 2,2 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - април 2018 година изнесува 1.771,1 милион евра и бележи раст од 14,3% (221,8 милиони евра) во однос на истиот период во 2017 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 0,1%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во април 2018 година изнесува 462,4 милиони евра и бележи раст од 15,4% (61,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 19,0%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2018 година извозот бележи раст од 8,5% (36,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 8,7%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – април 2018 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,0% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – април 2018 година споредено со истиот период од 2017 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 18,3% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 8,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и во земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 84,7% и 10,0% соодветно.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена

*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – април 2018 година изнесува 2.402,6 милиони евра и бележи раст од 11,8% (253,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 10,2%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во април 2018 година изнесува 619,2 милиона евра, што претставува раст од 9,5% (53,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а увезените количини стоки се намалени за 10,8%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2018 година увозот бележи пад од 4,0% (25,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 1,2%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2017 | I - IV - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 33,2 | 45,8 | 12,6 | 38,0 |
| Мил. ЕУР | 14,2 | 19,9 | 5,7 | 40,1 |
| Мил.$ | 15,2 | 24,4 | 9,3 | 61,0 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2017 | I - IV - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 331,4 | 300,8 | -30,6 | -9,2 |
| Мил. ЕУР | 138,7 | 142,9 | 4,3 | 3,1 |
| Мил.$ | 147,8 | 175,6 | 27,7 | 18,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2017 | I - IV - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 19,0 | 6,0 | -13,0 | -68,7 |
| Мил. ЕУР | 328,5 | 367,9 | 39,3 | 12,0 |
| Мил.$ | 350,9 | 451,6 | 100,8 | 28,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2017 | I - IV - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,5 | 9,2 | -0,3 | -3,3 |
| Мил. ЕУР | 60,0 | 67,6 | 7,6 | 12,6 |
| Мил.$ | 64,1 | 83,1 | 19,1 | 29,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2017 | I - IV - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 226,1 | 230,9 | 4,8 | 2,1 |
| Мил. ЕУР | 151,8 | 147,0 | -4,8 | -3,2 |
| Мил.$ | 162,5 | 180,6 | 18,1 | 11,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2017 | I - IV - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 235,5 | 297,5 | 62,0 | 26,3 |
| Мил. ЕУР | 117,5 | 160,2 | 42,7 | 36,4 |
| Мил.$ | 125,7 | 197,1 | 71,4 | 56,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите четири месеци од 2018 година, трговскиот дефицит се зголеми за 5,3% односно 31,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во април 2018 година трговскиот дефицит се намали за 4,7% односно 7,8 милиони евра споредено со април 2017 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема, храна и пијалаци и горива и мазива, како и стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена

*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари – април 2018 година, 89,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, САД, Полска, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Хрватска.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 88,2% од трговската размена во периодот јануари – април 2018 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2017 година претставува зголемување од 1,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,8% и 84,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 1,7 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,6 п.п. во однос на периодот јануари – април 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IV - 2017 | | | | | I - IV - 2018 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.338,3 | 1.772.022.952 | 61,5652 | 109.094.947.451 | 82,4 | 1.424,1 | 2.020.004.481 | 61,5440 | 124.319.155.771 | 84,1 | 247.981.529 | 14,0 |
| УСД | 688,8 | 384.358.443 | 57,7532 | 22.197.930.046 | 16,8 | 395,2 | 443.196.141 | 50,0970 | 22.202.797.067 | 15,0 | 58.837.698 | 15,3 |
| ГБП | 1,4 | 6.373.332 | 71,8113 | 457.677.257 | 0,3 | 1,9 | 9.468.476 | 69,8758 | 661.617.356 | 0,4 | 3.095.144 | 48,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.028,5 | | | 131.750.554.754 | 99,2 | 1.821,2 | | | 147.183.570.194 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 2.033,0 | | | 132.317.001.135 | 100,0 | 1.826,6 | | | 147.867.913.687 | 100,0 | | 11,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во првите четири месеци од 2018 година изнесуваа 60.466 милиони денари, односно 9,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,6% во однос на истиот период од 2017 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 36.187 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 7,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 15.607 милиони денари, што претставува намалување за 5,7% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 43,1%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 23.562 милиона денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 7.955 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 6,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 40,6% споредено со истиот период во 2017 година, што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 11,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 4,2%.

Акцизите се остварени во износ од 7.586 милиони денари (учество од 21,0% во даночните приходи), што претставува зголемување од 22,9%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 23.193 милиони денари, што претставува 64,1% од вкупните даночни приходи во овој период.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 4.939 милиони денари и забележуваат раст од 6,1% на годишна основа, при што 66,9% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,1% од приходи од капитал, 6,6% од приходи по основ на договор на дело, 6,4% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 4,1% од приходи од имот и имотни права и 2,1% од приходи од самостојна дејност. Приходите од данокот на добивка во овој четиримесечен период изнесуваа 5.976 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 30,7% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на доплатите по даночни биланси (зголемување од 40,0%) и данокот наплатен по основ на месечни аконтации (28,5%). Намалување бележат данокот по основ на дивиденди и други распределби од добивката (48,2%), задржаниот данок за странски правни лица (19,6%) и данокот по основ на камати (6,7%).

Приходите од царина се остварени во износ од 1.909 милиони денари и забележаа зголемување од 13,5%. Приходите од други даноци со остварен износ од 170 милиони денари забележаа поголемо остварување за 39,3% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 17.752 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 6,0% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување

е повисока за 5,7%, кај придонесите за вработување за 6,4% и кај придонесите за здравствено осигурување за 6,6%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 4.115 милиони денари и во однос на истиот период во 2017 година забележаа помало остварување од 20,4% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 689 милиони денари, што е 3,5 пати повеќе во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 1.230 милиони денари и се намалени за 18,1% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари – април 2018 година тие изнесуваат 71.595 милиони денари, односно 95,3% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 45,1% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи, кои претставуваат 50,0% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата во периодот јануари - април изнесуваше 32,1% од годишниот план. Средствата по основ на задолжување во странство изнесуваат 24.206 милиони денари, што претставува 33,8% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи кои изнесуваат 1.161 милион денари, што претставува 1,5% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, а претставуваат главно неданочни приходи (86,6% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник), односно средства кои се остварени по основ на такси и надоместоци.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за здравство, кое има остварено приходи во износ од 562 милиона денари, односно 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и 54,5% од тој износ претставуваат приливи на средства стекнати по основ на задолжување во странство. Останатите буџетски корисници збирно

имаат остварено 2,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во периодот јануари – април 2018 година изнесуваат 22.222 милиона денари и претставуваат 32,7% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 9.513 милиони денари, односно 33,1% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Македонија во првите четири месеци од 2018 година остварила приходи во висина од 763 милиони денари, што претставува 32,8% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во првите четири месеци од 2018 година изнесуваа 63.006 милиони денари, односно 9,5% од БДП, што е за 2,6% повеќе во однос на истиот период лани.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 60.371 милион денари учествуваа со 95,8% и се зголемени за 9,8% во однос на истиот период од 2017 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 8.703 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8% и во однос на 2017 година се пониски за 0,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 4.865 милиони денари и споредено со истиот период од 2017 година забележаа намалување од 4,5%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 45.136 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 14,7% споредено со истиот период во 2017 година и истите учествуваа со 71,6% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 32.432 милиона денари, забележаа раст од 4,9% и учествуваа со 51,5% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 19.995 милиони денари, што е зголемување за 4,7% споредено со истиот период од 2017 година и учествуваат со 31,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 19,3%, односно забележаа поголема реализација за 54,2%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 5.254 милиони

денари забележаа зголемување од 4,2%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 6.191 милион денари што е речиси три пати повеќе споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.667 милиони денари, што е за 6,8% помалку во споредба со истиот период од 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 8,7%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 24,4%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 2.635 милиони денари со структурно учество од 4,2% во вкупните расходи (0,4% учество во БДП), односно забележаа пониска реализација за 58,9% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 89,1% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во првите четири месеци од 2018 година преку разделот Министерство за финансии - функции на државата[1] реализирани се 17.765 милиони денари, што претставува 45,3% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 77,5% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 13.761 милион денари, односно 61,2% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 9,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.632 милиона денари или 18,8% од планираното.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - април 2018 година реализираше 14.221 милион денари или 32,6% од вкупниот буџет за 2018 година. Притоа, најголем дел (74,4%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 10.575 милиони денари или 33,4% од средствата наменети за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 17,9% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 31,6% (2.541 милион денари) од планираните за 2018 година.

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Министерство за образование и наука во периодот јануари - април 2018 година изврши буџетски средства во износ од 7.108 милиони денари, што е 28,2% од вкупниот буџет за 2018 година. Најголем дел од расходите (64,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.550 милиони денари или 33,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,5%, за што се потрошени 1.105 милиони денари, односно 31,6% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари - април 2018 година, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 3.952 милиона денари, што претставува 45,8% од планираните средства за тековната година, а 96,3% од нив отпаѓаат на субвенции и трансфери.

Во првите четири месеци од 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 3.423 милиони денари, што претставува 33,4% од сопствениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 69,9%, за што се потрошени 2.394 милиони денари или 32,8% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,7%, за што се реализирани 537 милиони денари или 30,9% од годишниот план.

Министерство за здравство во првите четири месеци од 2018 година реализираше буџетски средства во износ од 1.771 милион денари, што е 26,5% од вкупниот буџет за 2018 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 52,7%, за што се потрошени 934 милиони денари или 33,5% од средствата наменети за 2018 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 37,6% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 666 милиони денари, односно 33,8% од вкупно предвидените.

Министерство за одбрана во периодот јануари - април 2018 година изврши буџетски средства во износ од 1.723 милиони денари, што е 26,4% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 71,2%, за што во 2018 година се реализирани 1.226 милиони денари, што претставува 32,4% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 23,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 412 милиони денари, односно 23,7% од вкупно предвидените.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – април 2018 година извршени се средства во износ од 989 милиони денари, што е 26,4% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат највисоко учество во вкупните расходи со 34,4%, а нивната реализација изнесува 32,4% односно извршени се 340 милиони денари. За субвенции и трансфери реализирани

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

се 276 милиони денари, што претставува 22,5% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 27,9% од вкупните расходи. Капиталните расходи учествуваат со 23,1%, а за оваа намена реализирани се 228 милиони денари или 23,4% од планираното.

Министерство за транспорт и врски во првите четири месеци од 2018 година реализираше средства во износ од 715 милиони денари, што е 11,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 59,6%, а нивната реализација изнесува 8,1% односно извршени се 426 милиони денари. Субвенциите и трансферите изнесуваат 235 милиони денари, што е 38,9% од вкупно планираните, а 32,8% од расходите на овој буџетски корисник. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – април 2018 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 2.540 милиони денари, што претставува 0,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 2.750 милиони денари и претставува 0,4% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новоработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – април 2018 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 68.001 нов заснован работен однос. Вкупниот број новоработени во овој период е повисок за 12,8% во однос на истиот период од 2017 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Од вкупниот број новоработени, 39,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во април 2018 година 22,2% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во април 2018 година изнесува 190.659, од кои 101.762 се активни баратели на работа, а 88.897 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,4%.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Најголем дел од невработените лица (66,9%) се градско население, а според половата структура 58,5% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,1% се со завршено средно образование, додека 14,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 48,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална нето - плата во март 2018 година оствари годишен раст од 5,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,3%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (19,0%), Информации и комуникации (14,2%) и Преработувачка индустрија (12,4%). Реалните плати во март забележаа годишен раст од 3,9%.

Просечната номинална бруто - плата во март 2018 година оствари годишен раст од 5,3%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (17,3%), Информации и комуникации (14,6%) и Преработувачка индустрија (12,7%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 3,7%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во април 2018 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 311.517 пензионери, што претставува зголемување од 2,5%

во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 25 лица. Од вкупниот број пензионери, 63,8% се корисници на старосна пензија, 24,5% се корисници на семејна пензија и 11,7% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОМ.

Просечната пензија во април 2018 година изнесува 14.124 денари и е за 1,9% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,8%.

Просечната старосна пензија во април изнесува 15.432 денара, просечната инвалидска пензија изнесува 12.810 денари, а просечната семејна пензија 11.343 денари. За исплата на пензиите во април 2018 година се потрошени 4.453,38 милиони денари, што претставува 51,9% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во април 2018 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,0%, како резултат на здрави економски основи, без присуство на нерамнотежи и стабилизирање на довербата и очекувањата на економските субјекти, видливо преку поволните движења на девизниот пазар и постепеното забрзување на депозитниот раст. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(април 2018 година)




Извор: НБРМ.

## Примарни пари

Во април 2018 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 4,3% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките од 3,2%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 5,4%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 8,6%, како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките за 2,7% и 15,9%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Вкупните депозити на банките во април 2018 година регистрираа раст од 0,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 0,7%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,5%.

Од аспект на валутата, во април 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,6, а депозитите во странска валута се намалија за 0,5%.

Вкупниот депозитен потенцијал во април 2018 година оствари раст од 7,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 9,1% и 5,3%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 2,8%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 8,2%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се намалија за 0,04%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 11,2%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2018 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **340.571** | **0,1%** | **7,5%** |
| Денари | *201.625* | 0,6 % | 9,1% |
| Странска валута | *138.946* | -0,5% | 5,3% |
| Краткорочни | *152.234* | -0,4% | -0,04% |
| Долгорочни | *96.566* | -0,6% | 11,2% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **298.144** | **0,6%** | **5,8%** |
| Денари | *251.590* | 0,9% | 8,3% |
| Странска валута | *46.555* | -1,2% | -5,7% |

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

| | | | |
|---|---|---|---|
| Краткорочни | *63.695* | 0,3% | 3,8% |
| Долгорочни | *217.640* | 0,6% | 8,6% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *15.338* | 2,1% | -16,8% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Вкупните кредити на банките во април 2018 година кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во април 2018 година кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,0%. Од аспект на валутата, во април 2018 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 0,9%, а девизните кредити се намалија за 1,2%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРМ.

На годишна основа, во април 2018 година вкупните кредити се зголемија за 5,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,6% и раст на кредитите кон претпријатијата 2,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,3%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 5,7%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,6%, а краткорочните кредити се зголемија за 3,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2018 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,65%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 5,88%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,55%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во април 2018 година изнесува 1,48% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 2,07%, а каматната стапка на девизните депозити остана непроменета во споредба со минатиот месец и изнесува 0,77%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во април 2018 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 83,1% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 94,1%, додека прометот од класичното тргување забележа раст од 13,9%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во април 2018 година изнесуваше 587,1 милион денари и истиот е зголемен за 2,1 пати (111,1%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на април 2018 година изнесуваше 2.895,03 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,7%, а во однос на истиот месец претходната година за 33,1%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на април 2018 година изнесуваа 2.588,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 11,4 милиони евра, додека во однос на април 2017 година се зголемени за 92,5 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693